**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Скопје, Ноември 2015 година**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ број 27/14 и 199/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К

### за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6397/1 од 01.06.2015 година, (во натамошниот текст: министерството) и тоа:

**Член 2**

Во членот 17, (1.0) Сектор за координација и техничка помош на кабинетот на министерот по работното место со реден број 19 УПР 01 01 В01 000 Советник за работи на заменик министерот и државниот секретар се додава ново работно место со реден број 19-а УПР 01 01 В01 000 Советник за работи на дополнителен заменик министерот

| 1.0 СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА И ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА КАБИНЕТОТ НА МИНИСТЕРОТ | |
|---|---|
| **1.1 Одделение – Кабинет на министерот** | |
| **Реден број** | 19-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за работи на дополнителен заменик министерот |
| **Број на извршители** | 2 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Лозарство, Овоштарство, Ветеринарна медицина |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Организирање на активностите на дополнителниот заменик министер. |
| **Работни задачи и обврски** | -Ги прима и средува документите и материјалите што се однесуваат за дополнителниот заменик министер,<br>-Го информира во врска со доставените документи,<br>-Води потсетник за работите и задачите што се однесуваат на дополнителниот заменик министер,<br>-Организирањето на состаноци и приеми кај дополнителниот заменик министер,<br>-Ги прима материјалите од седниците на Владата, Собранието на Р. Македонија и на нивните тела. |

**Член 3**

По членот 14 се додава нов член 14-а кој гласи:

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се утврдуваат вкупно 3 (три) работни места за кабинетски службеници на дополнителниот заменик министер.

**Член 4**

По членот 14 се додава нов член 14-б кој гласи:

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се утврдуваат вкупно 3 (три) работни места за посебни советници за работи на министерот.

**Член 5**

По членот 14 се додава нов член 14-в кој гласи:

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се утврдуваат вкупно 3 (три) работни места за посебни советници за работи на дополнителниот заменик министер.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР,**

**м-р Михаил Цветков**

**Бр. 04-**11933/1

26.11 **2015 година**

**Скопје**